Врз основа на член 134 став 1 алинеја 11 од Статутот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, Ректорската управа на седницата одржана на ден 09.12.2009 година, донесе

# ПРАВИЛНИК

# ЗА РАБОТА НА БИБЛИОТЕКАТА

# на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје

## Општи одредби

Член 1.

Правилникот за работа на Библиотеката на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје (во натамошниот текст: Правилник) го уредува работењето, како и условите и начинот на користење на библиотечниот материјал.

Член 2.

Библиотеката на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје (во натамошниот текст библиотека) работи во рамките на Универзитетот, како негов составен дел.

Член 3.

Библиотека овозможува користење на целиот библиотечен материјал што е во нејзина сопственост.

Член 4

Работното време на библиотеката е секој работен ден од 09:00-17:00 часот.

Во исклучителни ситуации работното време на библиотеката може да се продолжи.

## Користење на библиотечниот материјал

Член 5.

Цената која студентот мора да ја уплати за користње на библиотечниот материјал се уредува со Одлука на Ректорската управа.

Член 6.

Корисниците на библиотеката се: студенти кои се на додипломски и постдипломски студии, наставници и други вработени на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, како и други корисници.

Студентите на додипломски и постдипломски студенти, наставници и други вработени на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, може да го изнесуваат библиотечни материјали надвор од библиотеката, додека другите корисници може да го користат библиотечни материјали само во просториите на библиотеката.

Член 7.

Сите корисници согласно членот 6 од овој правилник, се евидентираат согласно правилата на библиотеката.

Член 8.

Библиотека обезбедува користење на библиотечниот материјали во:

- во читалната на библиотеката,
- надвор од библиотеката за многу кратко време.

Член 9.

При користење на библиотечниот материјал надвор од библиотеката, корисниците на библиотеката се должни да се придржуваат кон роковите за враќање:

- Наставници и вработени до 30 дена;
- Студентите до 7 дена;
- Други корисници до 2 дена.

Член 10.

Библиотека обезбедува користење на библиотечниот материјали во:

- книжна и

- електронска форма.

Член 11.

Рокови за употреба може да биде продолжен на барање на корисникот, а пред истекот на рокот за враќање да се извести и добие дозвола од библиотекарот.

За постдипломците и студентите, рокот за користење на секоја публикација може да се продолжи доколку истите не се бараат од некој друг корисник.

За наставниците рокот може да се продолжи само во случаи утврдени од одговорните лица или други оправдани причини.

На барање на библиотекарот, рокот може и да се скрати во случаи утврдени од одговорните лица или други оправдани причини.

Член 12.

За користење надвор од библиотеката не може да се издаваат: следнавата библиотечна граѓа:

- Постдипломски трудови;

- Објавена во ограничен број на копии;

- Скапоцени материјали.

Член 13.

Корисниците на библиотеката, може да го користат библиотечниот материјал надвор од библиотеката:

- наставници и другите вработени до 5 публикации;
- студентите до 3 публикации;
- други до 2 публикации.

Во исклучително оправдани ситуации со препорака на Декан на Факултет може да одобри користење на библиотечни материјали надвор од библиотека, повеќе од утврдениот број на публикации.

Член 14.

Корисникот не може позајмениот материјал да го позајми на некој друг, ниту пак може да го пренесе на друго лице.

Член 15.

Корисникот кој во утврдените рокови не го врати позајмениот библиотечен материјал го губи правото да продолжи да ги користи услугите на библиотеката се до денот на враќање.

На студентот не му се доделува диплома додека целосно не се раздолжи и не ги подмири обврските кон библиотеката.

Член 16.

Само во многу добро оправдани ситуации декан на Факултетот може да одобри кредит на библиотечни материјали (до три публикации) и надвор од библиотека.

**Мерки во случај на ненавремено враќање, оштетување**

**или губење на библиотечниот материјал**

Член 17.

Корисниците се должни да го вратат позајмениот библиотечен материјал од библиотеката во роковите утврдени со овој правилник.

Член 18.

Лицата кои работат со библиотечниот материјал, должи се при издавање и враќање на библиотечни материјали да го прегледаат материјалот и да ја евидентираат евентуалната штета, како и да одлучи дали публикација не смее да се издава за употреба надвор од библиотека, согласно членовите 12 и 15 од овој правилник.

Член 19.

Доколку при враќањето на библиотечни материјали, се утврди штета (извиткани и скинати листови, слики, додатоци, уништен знак за припадност на библиотеката) или изгубен библиотечен материјал, корисникот е должен во определено време да ја плати штетата на еден од следните начини:

- Да обезбеди иста или понова верзија на публикацијата,

- Да ја надомести штетата во соодветна парична вредност, што се утврдува врз основа на пазарната вредност на уништениот материјал со уплата на банкарска сметка на Универзитетот,

- Доколку е можно да ја доведе до првобитната состојба и да ги сноси трошоците за враќање во првобитна состојба со негова реставрација.

Член 20.

Корисникот може да набави понови изданија на изгубени или оштетени библиотечни материјали, кои ќе добијат нови инвентарни броеви.

Член 21.

Корисникот го губи правото на користење на библиотеката во случај ако значително го надмине времето на користење, оштетување или губење на публикацијата или кога намерно со крајна небрежност ги крши правилата на библиотеката.

Член 22.

Корисниците се должни во библиотеката да ги вратат неоштетени библиотечните материјали во роковите утврдени со овој правилник.

Доколку корисникот не го врати позајмениот библиотечен материјал во утврдениот рок, на него му се упатува писмено предупредување.

Ако корисникот во рок од 7 дена по предупредувањето не ја исполни обврската од овој правилник, по судски пат се бара враќање на позајмените публикации.

## Обврски на корисникот

Член 23.

При користење на библиотечниот материјал, корисникот е должен да се придржуваат кон правилата утврдени со овој правилник.

Член 24.

Корисникот е должен да го почитува работното време на библиотеката.

Член 25.

Корисникот е должен да ги почитува следните правила за користење на читалната:

- Да ги пријави публикациите кои ќе ги користи во читалната;
- При напуштање на читалната да го врати библиотечниот материјал кој го позајмил на користење во читалната;
- Во читалната е забрането внесување на храна и пијалаци;
- Во читалната мора да владее ред и тишина.

Во случај на повреда на мирот и тишината и по предупредувањето, студентот може да биде отстранет од читалната.

## Користење на Интернет читална

Член 26.

Интернет во читалната користат исклучиво студентите и вработени на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.

Интернет може да користат и други лица ангажирани на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, со посебна дозвола од одговорните лица.

Одговорните лица претставуваат генералниот Секретар, Деканите и Ректорот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.

Сите наведени корисници имаат право да користат интернет во читалната под еднакви услови.

Член 27.

Корисникот на Интернет пристап во читалната се обврзува да:

- преземе целосна морална, правна и кривична одговорност за активностите спроведени од својата корисничка сметка;

- услугите дадени за користењен, да не ги користи спротивно на Кодексот на однесување во библиотека и на Иинтернет;

- ги почитува правата на другите корисници;

- го ограничи своето време за користење и отстапи место на друг кој чека подолго време;

- го почитува правилото и во Интернет читалната да не внесува храна и пијалаци;

- го почитува редот и тишината.

Во случај на повреда на одредбите од овој правилник, по предупредувањата студентот ќе биде отстранет од интернет читалната.

**Преодни и завршни одредби**

Член 28.

Овој Правилник се смета за важечки со усвојување од страна на Ректорската управа на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.

Член 29.

Измени и дополнувања на овој Правилник се врши на начин и по иста постапка како при носењето.

Член 30.

Правилникот стапува на сила од денот на неговото донесување.

Ректор

Проф. д-р Аце Миленковски